Врз основа на член 38 став 1 алинеја 3 од Законот за иновациската дејност , научно технолошкиот развој и претприемништвото („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25 и 192/25), член 22 став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр.143/19, 14/20 и 208/24) и член 22 став 1 од Законот за работните односи (Службен весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12,13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и ,,Службен весник на РСМ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и известувањето од Министерство за финансии бр. 19-6000/4 од 31.12.2025 година, Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија - ИНОВА го објавува следниот

ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026

за засновање на работен однос на определено време во Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија - ИНОВА

Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија – ИНОВА објавува јавен оглас за вработување на 1 (едно) лице, преку засновање на работен однос на определено време до 31.12.2026 година, за следното работно место:

Раководител на одделение за општи и финансиски работи, во Одделение за општи и финансиски работи во Сектор за правни и општи работи еден (1) извршител

Посебни услови

- Ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – економски науки, правни науки,
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски,германски)
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

Распоред на работно време

- работни часови неделно 40
- работно време од понеделник до петок 07:30-08:30 до 15:30-16:30

паричен износ на основната нето плата приближно: 40.248,00 денари месечно

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
  со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Доказите за исполнување на општите и посебните услови треба да бидат во оргинална форма или фотокопија заверена кај нотар и тоа:

- доказ за државјанство
- лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци)
- потврда дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци)
- уверение/диплома за завршен степен на образование,
- доказ за познавање компјутерски програми за канцелариско работење
- доказ  познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски,германски)
- доказ за работно искуство во струката
- кратка биографија со задолжителен контакт, адреса на живеење и електронска адреса

Рокот за доставување на потребната документација изнесува 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Бараните документи се доставуваат во затворен плик во архивата на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА, ул. ГТЦ  локал.6 Д.Е.220, Скопје (со назнака ,,ЗА ОГЛАС БР. 01/2026).

На затворениот плик се пишува напомена ,,Да не се отвара"  и  ,,за Агенција за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво- ИНОВА, ул. ГТЦ локал 6 Д.Е.220, Скопје (со назнака ,,ЗА ОГЛАС БР. 01/2026).

Пријавите се доставуваат исклучиво во архивата на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде разгледана.

Изборот на кандидатот ќе се изврши најдоцна во рок од 5 дена, по истек на рокот за пријавување.

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2026 година.

В.д Директор

Даниела Димовска

Подготвил: Ивана Саздноска
Прегледал:Александра Чивлачки
Одобрил: Марија Јаневска